







# ИДНИНА ПО ДИЗАЈН: НАД ПАРИ, ПОЛИТИКА И ВОЈНА

## Од Жак Фреско и Роксен Медоус

Оваа презентација е визија не за тоа каква ќе биде иднината туку каква може да биде ако го примениме тоа што веќе го знаеме за да постигнеме одржлива нова светска цивилизација. Оваа презентација повикува на непосредно редизајнирање на нашата култура во која дамнешните недостатоци како војната, сиромаштија, град, долгови и непотребно човечко страдање ќе `се сметаат не само како избегливи, туку и како целосно неприфатливи. Било што помалку од ова ќе резултира во продолжување на истиот каталог на проблеми својствени на денешниот свет.

Денес многу луѓе веруваат дека тоа што е потребно е повисока смисла за етички стандарди и донесување на меѓународни закони кои ќе обезбедат одржливо глобално општество. Дури и кога најетичните луѓе би биле избрани за политичка служба, без доволно ресурси би ги имале истите проблеми кои ги имаме денес. Кога малку нации ги контролираат најголем дел од светските ресурси и профитот е крајната цел, ќе преовладува истиот циклус на настани.

Ако вистински сакаме да ставиме крај на нашите непрекинати меѓународни и социјални проблеми ќе мораме конечно да ја прогласиме Земјата и сите нејзини ресурси за заедничко наследство на сите луѓе на светот.

Земјата е преполна со изобилни ресурси. Нашата навика да ги рационализираме ресурсите преку монетарна контрола не е веќе релевантна и е контрапродуктивна за нашиот опстанок. Денес, имаме пристап до високонапредни технологии. Но нашиот социјален и економски систем не се развивал со исто темпо како нашите технолошки способности кои лесно можат да создадат свет на изобилие, ослободен од зависност и долгови за сите. Ова може да биде постигнато со вдахнување на нова глобална цивилизација заснована на ресурси.

Едноставно кажано, економија заснована на ресурси ги искористува постоечките ресурси повеќе од пари,и обезбедува правичен метод за дистрибуција на најхуман и ефикасен начин за сите луѓе од светот. Тоа е систем во кој сите добра и услуги се достапни без да се користат пари, заеми, размена или било каква форма на долг или ропство.

Целта на овој нов социјален дизајн е да се охрабри нов систем на поттикнување, таков што не е веќе насочен кон плитките и самонасочени цели за богатство, сопственост и моќ. Овие нови поттици ќе ги охрабрат луѓето кон себеисполнување и духовност, како материјално така и духовно.

Но како да стигнеме од тука до таму? Ниту една влада било кога не се залагала за социјална промена. Воспоставениот поредок има тенденција да се одржува самиот себе. За жал можеби ќе биде потребен економски крах за луѓето да ги изгубат илузиите кои ги имаат за нивните лидери и од нив да бараа алтернативни општествени насоки.

Проектот Венера е организација која предлага остварлив план за делување кон социјална промена, таков кој ќе работи кон мирна и одржлива глобална цивилизација. Тој дава алтернативна насока која се стреми таму каде човековите права не се само изјава на хартија туку начин на живот. Ве охрабруваме да се информирате за предлозите на овој проект преку книгу, видеа и семинари. Ако се поистоветувате со оваа насока, ве покануваме да ни се придружите и да работите кон негово остварување.

**The Venus Project • 21 Valley Lane • Venus, Florida 33960 • Ph: 863-465-0321**
**tvp@TheVenusProject.com • www.thevenusproject.com**